
ACROSS THE LAKE 2026
ACROSS THE WAVES!
FREESTYLE SWIMMING!
Festival of Balkan
and Mediterranean film
8 - 15 JULY
DOJRAN | STRUMICA | GEVGELIJA
FILM FESTIVAL ACROSS THE LAKE
5.0
SUPPORTED BY

# „Преку езерото“ филмски фестивал, 8–15 јули, 2026, Дојран, Струмица, Гевгелија


1. Обраќање на директорот на фестивалот
2. Биографија на Проф. Д-р Јани Бојаџи
3. Биографија на Претседател на Советот на фестивалот
4. Биографија на селекторот Златко Ѓелески
5. Награда Мето Јовановски
6. Филмови во чест на лауреатот
7. Меѓународно жири
8. Обраќање за официјалната селекција на филмови
9. Главна официјална селекција
10. Официјална селекција на краткометражни филмови
11. Селекција на студентски филмови
12. Филм од детска програма
13. Посебни проекции
14. Земја во фокус: Иран
15. Панел дискусија за современиот ирански филм
16. Пичинг на сценарија за дипломски и дебитантски филм
17. Импресум и спонзори

# IFF Across the Lake, July 8–15, 2026, Dojran, Strumica, Gevgelija


1. Address of the Festival Director
2. Biography of Prof. Dr. Jani Bojadzi
3. Biography of the President of the Festival Council
4. Biography of the selector Zlatko Gjeleski
5. Meto Jovanovski Award
6. Films in honor of the laureate
7. International Jury
8. Address of the official selection of films
9. Main official selection
10. Official selection of short films
11. Selection of student films
12. Film from the children›s program
13. Special screenings
14. Country in focus: Iran
15. Panel discussion on contemporary Iranian film
16. Pitching of scripts for graduation and debut films
17. Imprint and sponsors

# ЗА ФЕСТИВАЛОТ

Како да се направи еден фестивал, во три града, во исто време, во Македонија? Не знам. Го правиме за прв пат. За мене и за ова луда филмска банда која еве веќе пет години прави нешто што е во постојано движење, ова е само пат во непознато. И тоа не ми е загрижува. Грижите ми се на она страна на нештата на која непознатото не е страв туку предизвик. Ете, и годинава се предизвикавме себе си. Да се регионализираме. Да не е рано за ваков чекор? Дали можеби брзаме со нашите желби постојано да се развиваме и да бидеме подобри, поуспешни и посилни? Дали ние се натпреваруваме? Ако да, со кого? Источно од Битола, јужно од Скопје па се до северно од Солун, нема друг фестивал. Е, да, го знаеме тоа. И пак се трками. Ама уметноста не е спорт! Во светот на филмот не важат максимите подалеку, повисоко, побрзо. Во кинематографијата вредностите се духовни а не физички. Значи? Не сакам фестивалот на филмот да се сфаќа како филозофија, како образование или не дај боже како наука. Драги мои, во светот на уметноста на филмот јас верувам во максимата: ајде ние да се забавуваме, па ако патем се случи и некоја уметност, тогаш уште подобро! Ете, сега, го имам одговорот што правиме овие пет години, ние десетина лунатици, луди филмаџии кои ова што го сакаме е првото, второт и трето што го сакаме. Ова што го сакаме е она без што не може да сакаме ништо друго. Ние само лудо се забавуваме!

Драги мои, еве не на петото издание на Преку езерото. Само пред пет години, јас и Владимир Карпузовски седевме покрај брегот на прекрасниот Дојран и гледавме во брановите кои ни се потсмеваа на мечтите. И двајцата го знаевме ова, го слушавме, но не возвраќавме. Знаевме дека тоа се само шепотења кои повикуваа да продолжиме да мечтаеме. И да, и ова петта година ве покануваме да дојдете со нас за заедно да мечтаеме под ѕвездите. Дојдете, годинава да пливаме Спроти брановите! Во слободен стил! Дојдете, Преку езерото ова година во Дојран, Струмица и Гевгелија се еден град во кој слободата да се биде слободен е слободен избор.

Дојдете, слободно да се забавуваме! Уметноста се подразбира.

Проф. д-р Јани Бојаџи

Директор на Фестивалот

# ABOUT THE FESTIVAL

How to make one festival, in three cities, at the same time, in Macedonia? I don›t know. We are doing it for the first time. For me and for this crazy film gang that has been making something that is in constant motion for five years, this is just a road into the unknown. And that doesn›t worry me. My concerns are on that side of things where the unknown is not a fear but a challenge. Well, this year we challenged ourselves. Let›s regionalize. Isn›t it too early for such a step? Are we perhaps in a hurry with our desires to constantly develop and be better, more successful and stronger? Are we competing? If yes, with whom? East of Bitola, south of Skopje and all the way north of Thessaloniki, there is no other festival. Well, yes, we know that. And we race again. But art is not a sport! In the world of film, the maxims – farther, higher, faster do not apply. In cinematography, values are spiritual, not physical. So? I do not want the film festival to be understood as philosophy, as education, or, God forbid, as science. Dear all, in the the art of film, I believe in the maxim: let›s have fun, and if some art happens along the way, then even better! There you have it, now, I have the answer to what we have been doing for the past five years, a dozen lunatics, crazy filmmakers who want what we want first, second, and third. The thing we want is the thing we couldn't want anything else without. We just want to have mad fun!

Dear all, here we are at the fifth edition of Across the Lake. Just five years ago, Vladimir Karpuzovski and I sat by the shore of the beautiful Dojran and looked at the waves that mocked our dreams. We both knew this, we listened, but we did not respond. We knew that these were just whispers calling us to continue dreaming. And yes, for this fifth year, we invite you to come with us to dream together under the stars.

Come, this year let›s swim against the waves! In freestyle! Come, Across the Lake this year in Dojran, Strumica and Gevgelija are a one city in which the freedom to be free is a free choice.

Come, let›s have fun freely! Art is implied.

Prof. Jani Bojadzi, PhD

Festival Director



# ЈАНИ БОЈАЏИ

## ПРОФ. Д-Р **ЈАНИ БОЈАЏИ**

Основач и иницијатор на фестивалот

Јани Бојаџи е режисер, сценарист и продуцент, роден во 1970 во Струмица, Македонија. Потекнува од семејство на емигранти од Егејска Македонија. Основно и средно училиште завршува во Струмица. Студира режија на ``Националната академија за театарска и филмска уметност`` во Софија во класата на професор Георги Дулгеров. Магистира на НАТФИЗ во Софија во 2014 година. Докторира на универзитетот ``Неофит Рилски`` на Катедрата за уметности во 2022 година. Вонреден професор е по режија на универзитетот ЕСРА Еуропа Прима. Автор е на научни трудови од областа на театарот, филмот и телевизијата објавени во научни списанија во Европа и светот. Десет години бил продуцент на Орион Продакшн, пет години продуцент во национална телевизија Канал 5. Две години бил директор на ``Фестивалот на камерен театар Ристо Шишков`` во Струмица. Во моментов е главен извршен и програмски директор на националната телевизија Алфа во Скопје.

Тој режирал дваесетина театарски претстави во театрите во Скопје, Струмица, Прилеп, Куманово и неколку независни продукции во Скопје и други градови во Македонија. Поставувал пиеси на македонски и странски драматичари. Автор е на три изведени драмски текстови. Плеј стејшн (2002) Слепи птици (2006) Кино Љубов (2007) Змеј Горјанин (2008).

Тој е автор на три долгометражни играни филмови, на неколку краткометражни играни филмови, режирал два телевизиски долгометражни играни филмови, автор е на три играни телевизиски серии, режисер и продуцент е на дваесетина документарни филмови и телевизиски документарни серијали.

Автор е и продуцент на неколку илјади часови вариететна и мозаична продукција во Орион Продакш, Радио Телевизија Словенија, Канал 5 и Алфа ТВ.

Јани Бојаџи е автор е на книгата ``Гледна точка``, научен труд од областа на актерството, филмот и телевизијата.

# JANI BOJADZI



PROF. PHD **JANI BOJADZI** PHD
Festival founder and iniciator

Jani Bojadzi is a director, screenwriter and producer, born in 1970 in Strumica, Macedonia. He comes from a family of emigrants from Aegean Macedonia. He finished primary and secondary school in Strumica. He studied directing at the ``National Academy of Theatre and Film Arts`` in Sofia in the class of Professor Georgi Dulgerov. He received his master›s degree from NATFIZ in Sofia in 2014. He received his doctorate at the ``Neofit Rilski`` University at the Department of Arts in 2022. He is an associate professor in directing at the International University Europa Prima. He is the author of scientific papers in the field of theatre, film and television published in scientific journals in Europe and the world. For ten years he was a producer at Orion Production, for five years a producer at the national television Kanal 5. For two years he was the director of the ``Risto Shishkov Chamber Theatre Festival`` in Strumica. He is currently the chief executive and program director of the national television Alfa in Skopje.

He has directed about twenty theater plays in theaters in Skopje, Strumica, Prilep, Kumanovo and several independent productions in Skopje and other cities in Macedonia. He has staged plays by Macedonian and foreign playwrights. He is the author of three performed drama texts. Play Station (2002) Blind Birds (2006) Cinema Love (2007) Dragon Gorjanin (2008).

He is the author of three feature films, several short feature films, directed two television feature films, and is the author of three feature television series. He is the director and producer of twenty documentaries and television documentary series.

He is the author and producer of several thousand hours of variety and mosaic production in Orion Production, Radio Television Slovenia, Kanal 5 and Alfa TV.
Jani Bojadzi is the author of the book ``Viewpoint``, a scientific work in the field of acting, film and television.

# МИМИЃОРГОСКА ИЛИЕВСКА



ВОН.ПРОФ. М-Р

**МИМИ ЃОРГОСКА ИЛИЕВСКА**

Претседател на советот на фестивалот

МИМИ ЃОРГОСКА ИЛИЕВСКА е експерт за заштита на аудиовизуелното наследство, универзитетски професор, виш филмолог, истражувач и проучувач на филмот која повеќе од 20 години активно работи на полето на филмската дејност, дејноста за заштита на аудиовизуелното наследство, меѓународните културни односи и културната дипломатија.

Во моментов, работи како Советник за библиотечни, аудиовизуелни и фонотечни добра во Управата за заштита на културното наследство при Министерството за култура. Истовремено е и насловен вонреден професор на Факултетот за драмски уметности по предметот аудиовизуелно архивирањеа, а од септември оваа година ќе ја преземе функцијата на директорка на Културно-информативниот центар на Република Македонија во Загреб, Република Хрватска.

Таа е автор, коавтор и уредник на бројни публикации и статии за историјата и теоријата на филмот, кураторството, односите меѓу филмот и литературата и заштитата на аудиовизуелното наследство.

Во неколку мандати е член на управните одбри на FIAF (Меѓународната федерација на филмски архиви) и АЦЕ (Европската асоцијација на кинотеки), како и национален претставник на Македонија во „Еуримаж», Европскиот фонд за поддршка на кинематографијата на Советот на Европа.

Член е на Европската филмска академија, добитничка на бројни домашни и меѓународни награди и признанија меѓу кои и титулата витез од редот на уметноста и книжевноста (Chevalier dans l›ordre des Arts et des Lettres), една од четирите најпрестижни награди на Француската Република.




## MIMI GJORGOSKA-ILIEVSKA

M.A., UNIVERSITY PROFFESSOR

President of the festival council

An expert of audiovisual heritage protection, university professor, senior film archi- vist, film researcher and film professional actively been involved in the film industry and in the field of audiovisual heritage preservation, international cultural relations and cultural diplomacy for more than 20 years.

Current she holds an advisory/councilor position in the Directorate for Protection of Cultural Heritage within the Ministry of Culture. She is also an Associate professor of Audiovisual Archiving at FDU (Faculty for Dramatic Art) in Skopje and from September this year she will take over position of Director of the Cultural Information Center of the Republic of Macedonia in Zagreb, Republic of Croatia.

She is the author, co-author and editor of numerous publications and articles on film history and theory, curatorship, film and literature relations and protection of audiovisual heritage.

She has been a member of the Management Boards of FIAF (the International Federation of Film Archives) and ACE (the European Association of Cinematheques) for several terms, as well as the National representative of Macedonia in «Eurimages», the European Fund for Cinematography of the Council of Europe.

She is member of the European Film Academy and recipient of numerous awards at home and abroad, including and the title of Knight of the Order of Arts and Letters (Chevalier dans l›Ordre des Arts et des Lettres), one of the four most prestigious awards of the French Republic.




## ЗЛАТКО ЃЕЛЕСКИ

Уметнички директор на фестивалот

Тој е писател, филмски, музички и книжевен критичар, роден на 9 февруари 1986 година во Битола. Дипломира на катедрата за општа и компаративна книжевност, при факултетот „Блаже Конески" во Скопје во 2010 година. Активно се занимава со филмска критика од 2008 година. Дигиталните филмски рецензии ги објавува на веб-страницата „Мувис.мк", а печатените во: „Кошмар" „Граѓански", „Кинопис", „Филм плус", „Филмски печат". Тој е радио водител на филмската емисија „Danse Macabre" и емисијата „ТВ 103" на радио „Канал 103". Добитник е на наградата за најдобра филмска критика на филмскиот фестивал „Синедејс" во 2013 година.

Тој е режисер на кратките филмови „Од другата страна", „Мемоари", „Слобода" и организатор на ревијата на хорор филмови „Мрак Фест".

Член беше на жири комисии на филмските фестивали: „Синедејс", „Македокс", „Филмај", „Мобил фестивал",„Филозофски филмски фестивал" и „Флипбук филм фестивал". Седум години е водител на филмската јутјуб емисија: „Видеологија". Тој има објавено три збирки раскази: „Морбидизам", „Колекционерот на страв" и „Понор", а во 2021 година е објавена неговата прва збирка на филмски есеи и рецензии: „Видеологија (2019-2020 година)", една година подоцна збирката интервјуа со домашни режисери: „Мастерклас", а во 2023 година ја објави Видеологија 2 (2021-2022 година).

Од 2023 година е член на Националната секција од Интернационалната федерација на филмски критичари ФИПРЕСЦИ.




## ZLATKO GELESKI

### ART DIRECTOR OF THE FESTIVAL

He is a writer, film, music and literary critic, born on February 9, 1986 in Bitola. He graduated General and Comparative Literature, at the faculty «Blaze Koneski» in Skopje in 2010. He has been actively involved in film criticism since 2008. He published the digital film reviews on the website «Movies.mk», and the printed ones in: «Koshmar», «Gragjanski», «Kinopis», «Film Plus», «Film Press». He is the host of the film radio shows «Danse Macabre» and «TV 103» on the radio «Kanal 103». He won the Cinedays Film Festival Award for Best Film Critic in 2013.

He is the director of the short films «From the Other Side», «Memoirs» and "Freedom", and the organizer of the horror film selection «Mrak Fest». He was a member of the juries of the film festivals: «Cinedays», „Makedox", «Filmay», «Mobile Festival», «Philosophical Film Festival» and «Flipbook Film Festival», and works for ICFF "Manaki Brothers". He is the host of the YouTube show: «Videology». He has published three collections of short stories: «Morbidism», «The Collector of Fear» and «Ponor». In 2021, his first collection of film essays and reviews «Videology (2019-2020)» was published, and a year later the collection of interviews with domestic directors: «Masterclass», and in 2023 it published Videoology 2 (2021-2022).

From 2023, he became a member of the National Section of the International Federation of Film Critics FIPRESCI.

# НАГРАДА **„МЕТО ЈОВАНОВСКИ“**

## ЗА ИЗВОНРЕДНО АКТЕРСКО ДОСТИГНУВАЊЕ ВО УМЕТНОСТА НА ФИЛМОТ

Да се родиш во Сиднеј, Нов Јужен Велс, држава Австралија, да бидеш тинејџер down under, во земја каде што се нуди и тоа што не го бараш, а ти на деветнаесет години да тргнеш кон копното, во време кога сите ние тука, на Балканот, дававме сè да најдеме начин како да отидеме таму од кај што тој доаѓа – не може да се разбере поинаку, освен како од силна и бескрајна лудост! Ама, тој тргнал да го прави тоа што го наумил како homo ludens во потрага по својот homo sapiens и решава во Софија да студира актерство на националната акедемија, во годината кога големиот Стефан Данаилов одбира студенти за неговата нова класа.

И тука почнува првиот чин, на крајот на вториот милениум, кога наместо на балканските театарски штици и филмски сетови тој се враќа назад, каде на универзитетот во Сиднеј продолжува да учи. Порано или подоцна, сите актери разбираат дека професијата актерство, е само едно постојано и бескрајно учење. Токму кога Сиднеј може да ги впери светлата на сцената кон него, тој ја грабнува добиената стипендија и без да се сврти назад, заминува, каде ако не во Њу Јорк за да студира ни повеќе ни помалку, туку на актерскиот институт на Ли Стразберг.

Сè или ништо. Тоа е неговиот влог. Останува во ветената земја и да почнува  кариера во мегаполис каде годишно се поставуваат повеќе од илијада и двесте претстави, се снимаат над сто играни, повеќе од илјада краткометражни филмови, и исто толку епизоди од играни серии. На прв поглед, сето ова изгледа како можност што е на дофат на раката на секој што ќе посака да биде актер, освен ако го исклучиме фактот, дека тој – Тони Наумовски своето парче од големото јаболко треба да го гриза со уште педесет илјади негови колеги актери, кои играат на Бродвеј, оф Бродвеј, оф-оф Бродвеј, снимаат на филм, работат во телевизија и други разни национални и локални медиуми. И така, секој ден, седум дена во неделата, триста шеесет и пет денови во изминатите дваесет години.

Тони Наумовски е единствениот македонски актер, но и еден од малкумината балканци кои во Њу Јорк имаат своја кариера во театар, на филм и телевизија. За оние наши колеги актери, кои имаат неотуѓива актерска работа во државни театари, тука во татковината, тоа што актерот го живее таму, во рајскиот голем град, не може да се раскаже, треба да се оджавее, да се преживее и да се живее, секој ден, секоја секунда и секој здив со кој се дише животот и прима духот на слободата за да се прави тоа што се мечтае со отворени очи. Или да се одигра на филм.

Тони Наумовски тоа го направи во прво лице еднина во `„Мојот Њу Јорк“ каде се игра себе самиот, емигрант и лунатик, во исто време додека е Марко во „Ноќен агент“,  Виктор во „Лос Кос“, во „Крајот на играта“ е Иван Асланов, но е  бедник и таксист во „Тука денес“, додека како Александар Леко и служи на „Госпоѓата Министерка“, потоа е Ајнштајн во „Медени ноќи“, но и верува повеќе од Олег дека „Портокалово е новото црно“. И сето тоа во меѓувреме треба да се боксува и раскажува дома на своите дека животот „Не е американски филм“, дека го игра војникот што умира од живот и бара лек „На терапија“. Што значи да се биде актер? Значи ли тоа дека тој, актерот се игра себе си, или некој друг во улогата на Тони Наумовски? Можеме ли да го разделиме човекот од актерот? Има ли време, можеби само момент кога точно може да се определи кога Тони Наумовски е актер, а кога човек? Во случајот со најдобрите актери, каков што е нашиот лауреат, тоа е невозможно. Најдобрите актери се тоа што се, заради нивното човечко присуство, посебно во уметноста на филмот каде камерата со спиритуална точност  препознава кога човекот и актерот се една и нераздвоена целина. Моментот кога човекот ќе се прелее во актерот а актерот во човекот – се раѓа уметноста на актерството на филмот. Тони Наумовски со неговото човечко присуство не учи како е да се биде убав, ама и како е да се биде со лузна на лицето, како да се биде во реалноста, како да се врати во минатото, како да одлета во иднината и каке да јава во светот на бајките. Тоа се неговите животи. Не внимавајте кога живеете! Според житието на Тони Наумовски, животот може и да се живее.

Тони Наумовски е актер кој во уметноста на филмот е почеток и крајот на патувањето кое сакаме никогаш да не заврши. Тони Наумовски е актер кој е едноставната потврда на едноставниот актерски и човечки свет во кој соништата се остваруваат. Бескрајно му благодариме за сите овие соништа и за сите патишта на сите актери во светот на уметноста на филмот. Добро дојде дома. Добродојде во светот на вљубениците на сликите што се движат преку океанот, преку морето и на крајот и преку езерото.

Дами и господа, аплауз за овогодинешниот добитник на ``Единствената награда ``Мето Јовановски`` за високо актерско достигнување во уметноста на филмот`` – актерот Тони Наумовски.

# **„METO JOVANOVSKI"** AWARD

FOR OUTSTANDING ACTING ACHIEVEMENT IN THE ART OF FILM

To be born in Sydney, New South Wales, Australia, to be a teenager down under, in a country where what you don›t ask for is offered, and you, at the age of nineteen, to set off for the mainland, at a time when all of us here, in the Balkans, were giving everything to find a way to go where he came from – it cannot be understood otherwise, except as from a strong and endless madness! But, he set out to do what he had to as a homo ludens in search of his homo sapiens and decided to study acting in Sofia at the National Academy, in the year when the great Stefan Danailov was selecting students for his new class.

And here begins the first act, at the end of the second millennium, when instead of the Balkan theater boards and film sets he returns back, where he continues to study at the University of Sydney. Sooner or later, all actors understand that the profession of acting is nothing else then a continuous and endless learning. Just when Sydney could be shining the spotlight on him, he grabs the scholarship he received and, without looking back, leaves, where if not to New York to study no less, but at the Lee Strasberg Acting Institute.

All or nothing. That is his bet. He stays in the Promised Land and begins a career in a metropolis where more than one thousand and two hundred plays are staged annually, over a hundred feature films, more than a thousand short films, and the same number of episodes of feature series are shot. At first glance, all this seems like an opportunity that is within reach of anyone who wants to be an actor, unless we exclude the fact that he – Tony Naumovski – has to bite his piece of the big apple with fifty thousand of his fellow actors, who play on Broadway, off Broadway, off-off Broadway, shoot films, work in television and other various national and local media. And so, every day, seven days a week, three hundred and sixty-five days in the past twenty years.

Toni Naumovski is the only Macedonian actor, but also one of the few Balkans who have their own career in theater, film and television in New York. For those of our fellow actors, who have an inalienable acting job in state theaters, here in their homeland, what the actor lives there, in the heavenly big city, cannot be told, it has to be experienced, survived and lived, every day, every second and every breath with which one breathes life and receives the spirit of freedom in order to do what one dreams of with open eyes. Or to play it on film.

Toni Naumovski did it in the first person singular in ``My New York›› where he plays himself, an emigrant and a lunatic, at the same time as Marko in ``Night Agent››, Viktor in ``Los Cos››, Ivan Aslanov in ``End Game››, but he is a wretch and a taxi driver in ``Here Today››, while as Aleksandar Leko he serves ``Lady Minister››, then he is Einstein in ``Honeymoon››, but he believes more than Oleg that ``Orange is the New Black››. And all this in the meantime he has to box and tell his family at home that life is ``Not an American movie››, that he plays the soldier who is dying of life and looking for a cure ``In therapy››. What does it mean to be an actor? Does that mean that he, the actor, is playing himself, or someone else in the role of Toni Naumovski? Can we separate the man from the actor? Is there a time, maybe just a moment when it can be precisely determined when Toni Naumovski is an actor and when a man? In the case of the best actors, such as our laureate, this is impossible. The best actors are what they are, because of their human presence, especially in the art of film where the camera recognizes with spiritual accuracy when the man and the actor are one and inseparable whole. The moment when the man merges into the actor and the actor into the man – the art of film acting is born. Toni Naumovski, with his human presence, teaches us what it is like to be beautiful, but also what it is like to be with a scar on your face, how to be in reality, how to return to the past, how to fly to the future and how to ride in the world of fairy tales. These are his lives. Don›t be careful when you live! According to Toni Naumovski›s biography, life can be lived.

Toni Naumovski is an actor who in the art of film is the beginning and end of the journey that we want to never end. Toni Naumovski is an actor who is the simple confirmation of the simple acting and human world in which dreams come true. We thank him endlessly for all these dreams and for all the paths of all actors in the world of the art of film. Welcome home. Welcome to the world of lovers of images that move across the ocean, across the sea and ultimately across the lake.

Ladies and gentlemen, applause for this year›s winner of the one and only``Meto Jovanovski`` Award for High Acting Achievement in the Art of Film – actor Toni Naumovski.

**Филмови во чест на лауреатот на наградата МЕТО ЈОВАНОВСКИ Тони Наумовски на наградата за високо достигнување во филмската уметност „Мето Јовановски“.**




## МОЈОТ ЊУЈОРК

режија Олрик Браун / САД / 2023

СИНОПСИС

Краток филм за македонски имигрант и транс жена кои се новодојденци во градот. Нивната случајна средба, на судбоносна ноќ, може да ја загрози нивната иднина, меѓутоа сосема сигурно ќе им ги промени животите.

## MY NEW YORK

directed by Alrick Brown / USA / 2023 / 16 min

SYNOPSIS

A short film about Macedonian immigrant and a Trans woman who are newcomers to the city. Their chance encounter on a fateful night might jeopardize their future but it will definitely change their lives.V




## ЛЕНА И ВЛАДИМИР

режија Игор Алексов / МАКЕДОНИЈА / 2023

СИНОПСИС

Приказна за двајца бегалци. Тој ја изгубил љубовта во неговиот живот и бил осуден на осаменост. Таа, како сираче била злоупотребена и никогаш не почувствувала љубов. Кога нивните патишта се вкрстуваат, световите им се превртуваат наопаку.

## UNSHATTERED

directed by Igor Aleksov / MACEDONIA / 2023 / 95 min

SYNOPSIS

A story of two runaways. He lost his love and was condemned to solitude. She, being an orphan, abused, bitten, never had one. When their roads cross, their worlds turn upside down.V

# ОФИЦИЈАЛНА СЕЛЕКЦИЈА

# OFFICIAL SELECTION



ФИЛМ НА ОТВОРАЊЕ

## МЕСО

режија Димитер Стојанович / БУГАРИЈА / 2025

СИНОПСИС

Надежда Стојанова (60–65 години) е позната јапонска преведувачка, универзитетска професорка во цутот на својот живот и искуство, која дознава дека има тумор. Таа ја споделува оваа информација со нејзината ќерка, 30-годишната Евгенија, водителка на најгледаниот телевизиски канал. Двете веруваат дека болеста ќе се излечи и дека нивните животи нема драстично да се променат. Евгенија продолжува со својата рутинска телевизиска работа, Надежда го започнува преводот на јапонски роман од нобеловецот Јукио Кобајаши, кој се смета за непреводлив и се вика „Месо". Но, двете грешат. Ништо повеќе нема да биде исто, бидејќи неизбежното човечко месо, го има последниот збор.

OPENING MOVIE

## FLESH

directed by Dimiter Stoyanovich / BULGARIA / 2025 / 91 min

SYNOPSIS

Nadezhda Stoyanova (60–65 years old) is a famous Japanese translator, a university professor in the prime of her life and experience, when she learns that she has a tumor. She understands this together with her daughter, 30-year-old Evgenia, a presenter on the most watched TV channel. Both believe that the disease will be cured and their lives will not change drastically – Evgenia continues her routine television work, Nadezhda begins the translation of the considered untranslatable Japanese novel by Nobel laureate Yukio Kobayashi, which is called "Flesh". But both are mistaken. Nothing will be the same again, because it is the flesh, the inevitable human flesh, that has the last word.but it will definitely change their lives.



## КОЦКАРОТ

режија Мохсен Бахари / ИРАН / 2026

СИНОПСИС

Насреде превирањата од 12-дневната војна, една од најголемите банки во земјата е под сајбернапад од непријателот. Инцидент што го наведува искусниот агент на Министерството за разузнавање да се посомнева во еден од програмерите на банката.

## THE GAMBLER

directed by Mohsen Bahari / IRAN / 2026 / 86 min

SYNOPSIS

Amid the turmoil of the 12-day war, one of the country's major banks comes under a cyberattack by the enemy. An incident that leads a seasoned Intelligence Ministry agent to suspect one of the bank's programmers.



## ДРЖИ СЕ ЗА МЕНЕ

режија Мирсини Аристиду / (КИПАР, ДАНСКА, ГРЦИЈА, САД / 2026

СИНОПСИС

Лето е, а 11-годишната Ирис дивее по улиците со својата постара пријателка Данае кога дознава дека нејзиниот отуѓен татко Арис е вратен во градот, за погребот на својот татко. Решена да го запознае, Ирис го пронаоѓа во едно дотраено бродоградилиште, каjшто се криел. Обидот за повторно поврзување на тврдоглавите ликови полека се развива во кревка врска, несовршена, но сепак трогателна.

## HOLD ONTO ME

directed by Myrsini Aristidou / CYPRUS, DENMARK, GREECE, UNITED STATES/ 2026 / 102 min

SYNOPSIS

It's summer, and 11-year-old Iris is running wild through the streets with her older friend Danae when she learns that her estranged father, Aris, is back in town for his own father's funeral. Determined to know him, Iris tracks him down to a dilapidated shipyard, where he's been keeping to himself. What begins as a stubborn attempt to reconnect slowly unfolds into a fragile bond imperfect, yet poignant.



## КАРМАДОНА

режија Александар Радивојевиќ / СРБИЈА / 2025

СИНОПСИС

Елена со радост го очекува своето прво дете, за само 37 дена, а потоа одговара на непознат повик. Од другата страна на линијата, застрашувачки глас дава невозможен ултиматум: да ги исполни неговите ужасни барања или да сведочи како умира нејзиното неродено бебе. Отпрвин, таа се прашува дали тоа е само некоја непријатна шега, но морничавиот, натприроден доказ што тој го дава не остава сомнеж – тој има превласт над неа, на начини кои се непоимливи за неа.

## KARMADONNA

directed by Aleksandar Radivojevic / SERBIA / 2025 / 118 min

SYNOPSIS

Yelena is joyfully expecting her first child, only 37 days to go, then she answers an unknown call. On the other end of the line, a chilling voice delivers an impossible ultimatum: obey his gruesome demands or watch her unborn baby die. At first, she wonders whether if it's only a nasty prank call, but the eerie, supernatural proof he provides leaves no doubt — he has power over her in ways she cannot comprehend.



## KOMA

режија Агим Абдула / МАКЕДОНИЈА / 2025

СИНОПСИС

Африм и Кенан повторно се сретнуваат откако биле разделени многу години и споделуваат спомени од детството. Несреќата што ја претрпува Африм го става Кенан во многу тешка ситуација. Дали Кенан е подготвен да жртвува сè за да остане блиску до својот пријател од детството? Двајцата трагаат по спомени, но во различен облик.

## KOMA

directed by Agim Abdula / MACEDONIA / 2025 / 102 min

SYNOPSIS

Afrim and Kenan meet after many years apart and share childhood memories. The calamity that Afrim suffers puts Kenan in a very difficult situation. Is Kenan willing to sacrifice everything to stay close to his childhood friends? Now, both are looking for memories, but in different forms.

.




## ОДРАЗОТ ВО МРТВИОТ ДИЈАМАНТ

режија Елен Кате, Бруно Форцани / БЕЛГИЈА / 2025

СИНОПСИС

Џон Д, седумдесетгодишник кој живее во луксузен хотел на Азурниот Брег, е заинтригиран од својот сосед, кој го потсетува на неговите најлуди години на Ривиерата во текот на 1960-тите. Во тоа време, тој бил шпион во еден свет на промени, полн со ветувања. Еден ден, овој сосед мистериозно исчезнува... доведувајќи го Џон лице в лице со неговите демони, запрашувајши се дали неговите поранешни противници се враќаат за да предизвикаат хаос во неговиот идиличен свет?

## REFLECTION IN A DEAD DIAMOND

directed by Hélène Cattet, Bruno Forzani / BELGIUM / 2025 / 87 min

SYNOPSIS

John D, a septuagenarian living in a luxury hotel on the Côte d'Azur, is intrigued by his next-door neighbour who reminds him of his wildest years on the Riviera during the 1960s. At that time, he was a spy in a rapidly developing world full of promise. One day, this neighbour mysteriously disappears... bringing John face to face with his demons: are his former adversaries back to wreak havoc on his idyllic world?

# ОФИЦИЈАЛНА ПРОРГАМА НА КРАТКИ ФИЛМОВИ

# OFFICIAL PROGRAM OF SHORT FILMS



## АНТИГОНА

режија Ибер Деари и Мирсад Абази / МАКЕДОНИЈА / 2025

СИНОПСИС

Во општина составена од 11 села во Македонија, Антигона е првата и единствена жена возач на автобус што ја опслужува оваа рурална мрежа. Кога нејзиниот татко се пензионира поради здравствени проблеми, таа, без двоумење, ја презеде неговата улога – возејќи го селскиот автобус по кривулести патишта од една оддалечена заедница до друга. Како единствена врска помеѓу овие села и надворешниот свет, таа крева тежок товар, поздравува познати лица и се движи низ свет обликуван од мажите и нивните очекувања. Со тивка решителност, Антигона ја прифаќа својата улога како спас за заедницата – поддржувајќи ги оние околу неа и нежно преобликувајќи го начинот на кој се гледа на жените и како тие се гледаат себеси. Нејзината приказна е приказна за должноста, силата и тивкото достоинство на некој што ја држи заедницата заедно, без да бара признание.

## ANTIGONA

directed by Iber Deari and Mirsad Abazi / MACEDONIA / 2025 / 20 min

SYNOPSIS

In a municipality made up of 11 villages in Macedonia, Antigona is the first and only female bus driver serving this rural network. When her father retired early due to health issues, she stepped into his role without hesitation—driving the village bus along winding roads from one remote community to the next. As the sole connection between these villages and the outside world, she carries heavy loads, greets familiar faces, and navigates a world shaped by men and their expectations. With quiet determination, Antigona embraces her role as a community lifeline—supporting those around her and gently reshaping how women are seen, and how they see themselves. Her story is one of duty, strength, and the quiet dignity of someone holding a community together without asking for recognition.




## АНТИПОД

режија Бојан Секулоски / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Документарец што се нурнува во недопрените светови на длабокото нуркање и планинарењето, доловувајќи го бестрашниот дух и непоколебливата човечка желба да ги предизвика најекстремните граници на природата. Филмот ја открива суровата суштина на авантурата и неуморната потрага по необичното, следејќи еден авантурист, чиј смели истражувања ја бришат линијата помеѓу екстремната лудост и апсолутната посветеност. Со кршење на два спортски рекорди во еден ден во две дисциплини, филмот станува доказ за човечкиот нагон да ги надмине границите - ситуиран во прекрасните пејзажи на Македонија, доловени со впечатлива и ретко видена перспектива.

## ANTIPODE

directed by Bojan Sekuloski / MACEDONIA / 2025 / 24 min

SYNOPSIS

Documentary that plunges into the untouched worlds of deep diving and mountaineering, capturing the fearless spirit and indomitable human urge to challenge nature's most extreme frontiers. The film reveals the raw essence of adventure and the relentless pursuit of the extraordinary, following a single adventurer whose daring explorations blur the line between extreme madness and absolute dedication. By breaking two sports records in one day across two disciplines, the film becomes a testament to the human drive to push beyond limits — all set against the breathtaking landscapes of Macedonia, revealed from a striking and rarely seen perspective.




## ШИШИЊА

режија Јасин ел Идриси / ИТАЛИЈА, МАРОКО

СИНОПСИС

Саид, 13-годишно момче во старата Медина во Рабат, собира празни шишиња пиво за да купи храна за кучето што го крие. Саид смета дека чувањето на кучето што го спасил е во спротивност на волјата на неговото семејство, пријателите и религиозната традиција.

## BOTTLES

directed by Yassine El Idrissi / ITALY, MOROCO / 2025 / 18 min

SYNOPSIS

Said, a 13 year old boy in the old Medina of Rabat, has a side job collecting empty beer bottles to buy food for a dog he is hiding. Said finds keeping the dog he rescued conflicting with his family, friends, and religious tradition.



## ИЗБОР

режија Марко Црногорски / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Младата мајка и нејзиното мало дете се соочуваат со разорната реалност, кога според новиот закон ѝ се забранува закажаниот абортус. Очајна да го избегне долгиот процес на добивање посебна дозвола, таа се одлучува за нелегална процедура. Додека навлегува во подземјето, приказната добива трагичен пресврт, нагласувајќи ги суровите последици од рестриктивното законодавство врз репродуктивните права на жените.

## CHOICE

directed by Marko Crnogorski / MACEDONIA / 2025 / 17 min

SYNOPSIS

A young mother and her toddler face a devastating reality when a new law bans her scheduled abortion. Desperate to avoid the lengthy process of obtaining a special license, she opts for an illegal procedure. As she delves into the underground world, the story takes a tragic turn, underscoring the harsh consequences of restrictive legislation on women›s reproductive rights.



## БАДНИКОВИ СВЕТИЛКИ

режија Ѓорѓи Лазов / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Ден пред Бадник, Дијана дознава дека мајка ѝ Гордана бара сопруг преку огласи во весник. Решена да ја спречи во оваа, според неа, луда авантура, таа заминува кај неа. Но ноќта носи изненадувања – можеби вистинската незрелост не е таму каде што Дијана ја бара.

## CHRISTMAS LIGHTS

directed by Gorgi Lazov / MACEDONIA / 2025 / 17 min

SYNOPSIS

On the day before Christmas Eve, Dijana discovers that her mother, Gordana, is searching for a new husband through newspaper ads. Alarmed, she rushes to visit her, determined to talk her out of what seems like an irrational and impulsive decision. But as the night unfolds in a quest to find Gordana's future partner, it becomes clear that the question of immaturity in their relationship isn't as one-sided as Dijana believed.VC




## ДАНИЕЛ ВАН ДЕН БЕРГ Е МРТОВ

режија Али Бахарлу / БЕЛГИЈА

СИНОПСИС

Даниел ван ден Берг е погрешно прогласен за мртов во пензискиот систем и повеќе не ја добива пензијата. За да докаже дека сѐ уште е жив, мора да помине низ секакви апсурдни чекори. И покрај фрустрирачката количина на документи, Даниел одбива да се откаже. Дали ќе успее да докаже дека не е мртов?

## DANIEL VAN DEN BERG IS DEAD

directed by Ali Baharlou / BELGIUM / 2025 / 16 min

SYNOPSIS

Daniel van den Berg is wrongly declared dead in the pension system and no longer receives his pension. To prove he's still alive, he must go through all sorts of absurd steps. Despite the frustrating amount of paperwork, Daniel refuses to give up. Will he succeed in proving that he's not dead?




## МРТВИ КОРЕЊА

режија Меглен Анжик Трпков / ХОЛАНДИЈА, МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

По запоседнувачката визија за далечна земја, Силјан тргнува во потрага по откривање на своето потекло. Мистериозното патување го води од тивките паркови на Холандија до грубите предели на Македонија, каде што сеќавањата, соништата и реалноста почнуваат да се поматуваат. Воден од енигматичен бајач, Силјан ја открива вистината која го преобликува неговиот идентитет и неговото место во светот. Додека реалностите се спојуваат и стравот од губитокот станува постоечки, тој мора да се соочи со прашањето: дали некогаш навистина ќе се вратиме дома?

## DEAD ROOTS

directed by Meglen Anzik Trpkov / HOLLAND, MACEDONIA / 2026 / 25 min

SYNOPSIS

After a haunting vision of a distant land, Siljan sets out in search of his origins. A mysterious journey leads him from the quiet parks of the Netherlands to the rugged landscapes of Macedonia, where memories, dreams, and reality begin to blur. Guided by a cryptic soothsayer, Siljan unravels a truth that reshapes his identity and his place in the world. As realities converge and a fear of losing everything, he must face the question: can we ever truly return home?




## НАТОПЕНА КОСА

режија Вељко Марковиќ / БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

СИНОПСИС

Тинејџер го поминува летниот распуст кај својата тетка, во близина на реката, потполно несигурен за својата иднина и малку заљубен во својата братучеда.

## DRENCHED HAIR

directed by Veljko Matković / BOSNIA AND HERZEGOVINA / 2026 / 25 min

SYNOPSIS

A teenager spends his summer vacation by his aunt, near the river, completely uncertain of his future and a little bit in love with his cousin.




## БЕГСТВО

режија Хаљим Љута / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

На површината, филмот го истражува феноменот на миграцијата, но во својата суштина, навлегува во подлабоки човечки проблеми, особено желбата за бегство во различни димензии, вклучувајќи го и последното бегство: кон непостоењето и смртта. Во филмот се запознаваме со Гарип, 40-годишен доктор кој живее во Германија, додека се соочува со длабочините на својата имагинација и потсвест. Низ неговото внатрешно патување, филмот ги истражува неговите променливи перспективи за животот, неговите затегнати семејни врски и вознемиреноста што тивко провејува низ него.

## ESCAPE

directed by Halim Luta / MACEDONIA / 2025 / 10 min

SYNOPSIS

On the surface, the film explores the phenomenon of migration, but at its core, it delves into deeper human issues particularly the desire to escape into different dimensions, including the ultimate escape: toward nonexistence and death. The story follows Garip, a 40-year-old doctor living in Germany, as he confronts the depths of his imagination and subconscious. Through his inner journey, the film explores his shifting perspectives on life, his strained family ties, and the anxiety that quietly resides within him.



## ЗА ЕВА

режија Бојан Василев / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Ева, седумнаесетгодишно девојче, се обидува да се соочи со последиците од една брзоплета одлука.

## FOR EVA

directed by Bojan Vasilev / MACEDONIA / 2025 / 14 min

SYNOPSIS

Eva, a seventeen-year-old girl, tries to face the consequences of a rash decision.



## ГУМБОРО

режија Димитрис Вавацис / ГРЦИЈА

СИНОПСИС

Михалис се иселува за прв пат. Неговото ново место – малиот стан во центарот на Атина – изгледа идеално. Сè додека вратата од подрумот не се отвори. Сместен во срцето на градот што крие повеќе отколку што открива, филмот станува клаустрофобичен, психолошки трилер за созревањето. Мајка која никогаш не се повлекува, врата што одбива да остане затворена и серија егзистенцијални стравови што полека добиваат заканувачки облик.

## GUMBORO

directed by Dimitris Vavatsis / GREECE / 2025 / 21 min

SYNOPSIS

Michalis moves out for the first time. His new place — a small apartment in downtown Athens — looks ideal. Until the storage room door won't open. Set in the heart of a city that hides more than it reveals, the film builds a claustrophobic, psychological coming-of-age thriller. A mother who never truly steps back, a door that refuses to stay shut, and a series of existential flutters that slowly take on a menacing shape.



## ОСТРОВ

режија Бранко Костески / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Владо, 40-годишен сценарист-мизантроп, живее сам, избегнувајќи човечки врски. На неговиот роденден, неговата сестра го поттикнува повторно да се поврзе со својата средношколска љубов, Сара, која сега е вратена во градот. Состанокот оди катастрофално лошо кога Владо, кој не може да поднесе деца, открива дека Сара е бремена, што го фрла во паника. Неколку дена подоцна, Владо верува дека неговиот постар сосед Перо починал и брза да помогне, само за да го најде жив. Потресен, ставовите на Владо за осаменоста почнуваат да се распаѓаат кога го гледа Перо прегрнат од неговото љубезно семејство како го посетува од странство.

## ISLAND

directed by Branko Kosteski / MACEDONIA / 2025 / 14 min

SYNOPSIS

Vlado, a 40-year-old misanthropic screenwriter, lives alone, avoiding human connection. On his birthday, his sister urges him to reconnect with his high school sweetheart, Sara, now back in town. The date goes disastrously when Vlado, who can't stand kids, discovers Sara is pregnant, sending him into a panic. Days later, Vlado believes his elderly neighbor Pero has died and rushes to help, only to find him alive. Shaken, Vlado's views on solitude begin to crumble when he sees Pero embraced by his loving family visiting from abroad.




## ТЛСМ

режија Филип Момировски / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Момче се подготвува за пресметка со група насилници. Во плановите му се вмешува сениште од преданијата на Цепенков.

## TLSM

directed by Filip Momirovski / MACEDONIA / 2026 / 14 min

SYNOPSIS

A boy prepares for a final showdown with his bullies. A spirit from Macedonian folktales interferes.



## СИНОВИТЕ НА ИЛИР

режија Роберт Декани / ГЕРМАНИЈА

СИНОПСИС

Откако избегале од Албанија пред повеќе од 30 години, Агим и Ерјон воделе различни животи. Последната желба на нивниот татко ги враќа назад. Таму мора да се соочат со своето минато, нивната кревка врска и земјата што се променила исто толку колку што се промениле и тие.

## THE SONS OF ILIR

directed by Robert Decani / GERMANY / 2025 / 25 min

SYNOPSIS

Having fled Albania over 30 years ago, Agim and Erjon have led different lives. Their father's last wish brings them back. There they have to confront their past, their fragile relationship and a country that has changed as much as they have.




## ЧЕКАЈЌИ ГО ВОЗОТ

режија Армин Чулиќ / СЛОВЕНИЈА

СИНОПСИС

На железничката станица во Јесенице, Самир чека меѓународен воз што можеби ќе го врати неговиот татко од босанското бојно поле. Беснее југословенската војна во 1992 година. Мајката на Самир дознава дека нејзиниот добро воспитан син оштетил воз. Во меѓувреме, Самир игра кошарка со својот пријател Зоран. Едноставна покана за ручек од таткото на Зоран буди болни спомени за отсутниот татко на Самир. Дома, неговата мајка инсистира да се соочат со обвинувањата на станицата, што води до подлабоки разговори за постапките на Самир и вистината за неговиот татко.

## WAITING FOR THE TRAIN

directed by Armin Ćulić / SLOVENIA / 2025 / 8 min

SYNOPSIS

At the railway station in Jesenice, Samir waits for the international train that might bring his father back from the Bosnian battlefield. It's 1992, and the Yugoslav war is raging. Samir's mother discovers that her usually well-behaved son has damaged a train. Meanwhile, Samir plays basketball with his friend Zoran. A simple lunch invitation from Zoran›s father stirs painful memories of Samir's absent father. At home, his mother insists they confront the accusations at the station, leading to deeper conversations about Samir's actions and the truth about his father.



## НАЧИНОТ НА ЧИПАН

режија Антонио Вељаноски / МАКЕДОНИЈА

СИНОПСИС

Група млади архитекти, кои се борат да ја зачуваат модернистичката архитектура во Охрид, организираат настан во чест на познатиот архитект Борис Чипан. Сепак, наидуваат на бројни препреки на патот.

## THE WAY OF CHIPAN

directed by Antonio Veljanoski / 2025 / 22 min

SYNOPSIS

A group of young architects, struggling to preserve the modernist architecture in Ohrid, organize an event in honor of the renowned architect Boris Chipan. However, they encounter numerous obstacles along the way.

# ОФИЦИЈАЛНА ПРОРГАМА НА СТУДЕНТСКА СЕЛЕКЦИЈА

# OFFICIAL PROGRAM OF STUDENT SELECTION



## 4891

режија Ивана Мирчевска / ИУ Европа Прима Скопје

СИНОПСИС

Додека се обидува да патува во паралелен универзум, генијален математичар ја губи својата млада сосетка во празнината помеѓу универзумите.

## 4891

directed by Ivana Mircheska / International University Europa Prima - Skopje / 12 min

SYNOPSIS

While trying to travel to a parallel universe, a genius mathematician loses his little neighbor in the void in-between.



## ПРОКЛЕТИОТ КОМПИР

режија Дамјан Дуковски / ФДУ

СИНОПСИС

Бездомен човек открива компир. Се обидува да го вари, да го пржи. Секојпат компирот се враќа во својата првобитна состојба. Целосен и нераспаднат, како ништо да не се случило. Тој продолжува. Компирот продолжува со него.

## THE DAMNED POTATO

directed by Damjan Dukovski / FDA / 11 min

SYNOPSIS

A homeless man discovers a potato. He tries to boil it, to fry it. Each time the potato returns to its original state. Whole and intact, as if nothing had happened. He moves on. The potato moves on with him.




## ДЕЛМО

режија Мартин Темков / ФДУ

СИНОПСИС

Маалскиот сеирџија решава да ја наруши својата зона на удобност за да помогне на пица доставувачка.

## DELMO

directed by Martin Temkov / FDA / 5 min

SYNOPSIS

A random youth decides to break his comfort zone in order to help a pizza delivery girl.




## НЕ ЗАБОРАВАЈ ДА СЕ НАСМЕВНЕШ

режија Давид Дулев / ИУ Еуропа Прима Скопј

СИНОПСИС

Наставник учи деца како да се смеат во дистописки свет.

## DON'T FORGET TO SMILE

directed by David Dulev / International University Europa Prima - Skopje / 8 min

SYNOPSIS

A teacher teaching kids how to smile in a dystopic world.



## ПРЕКУТРУПА

режија Ксенија Мано / ФДУ

СИНОПСИС

Низ перспективите на три различни луѓе, кои активно набљудувале клучна трансформација во нашето општество во текот на нивниот живот, се соочуваме со системски проблем во нашата земја, во врска со миграцијата на голем број жители од селата во градовите и во странство, барајќи стабилност, подобар живот и финансиски напредок. Филмот ги разработува трите наједноставни прашања – кога, како и зошто?

## DRAG PATH

directed by Ksenija Mano / FDA / 13 min

SYNOPSIS

From the perspective of three different people who have actively watched a core transformation in our society during their lives, we face a systemic problem in our country regarding the migration of a large number of residents from villages to cities and abroad-seeking stability, a better life, and financial advancement. The film interprets the three simplest questions – when, how, and why?



## В ЛИЦЕ СО БЕСКОНЕЧНОСТА

режија Никола Јовановиќ / ФДУ

СИНОПСИС

Документарниот филм „В лице со бесконечноста" посветен на „Тело-наука Совршена" од Струга раскажува приказна за бендот „Тело-наука Совршена", познат како еден од првите македонски бендови, а нивниот албум „Кадис" се смета за еден од првите албуми објавен на македонски во тоа време, во југословенските музички пространства. Документарниот филм ја раскажува приказната за „Тело-наука Совршена", култен бенд од Струга кој остави голема трага на македосната музичка сцена. Тие ја комбинираа пост-панк музиката со византиски и традиционални македонски елементи, образувајќи уникатен стил. Тие се формирани во раните 80-ти. Групата што го издаде првиот албум на македонски јазик, по распадот на тогашниот југословенски музички простор, не можеше да се најде на новата сцена, која навистина немаше простор за бенд како „Тело-наука Совршена", па затоа бендот престана да настапува некаде кон средината на 1992 година.

## FACED WITH INFINITY

directed by Nikola Jovanovikj / FDA / 18 min

SYNOPSIS

The documentary film "Faced with infinity" dedicated to "Telo-nauka Sovršena" from Struga tells a story about the band "Telo-nauka Sovršena", known as one of the first Macedonian bands, and their album "Kadis" is considered one of the first album published in Macedonian, at that time's Yugoslav music space. The documentary film tells the story about "Telo-nauka Sovršena" a cult band from Struga who left a big trace in the Macedonian music scene. They combine post-punk music with byzantine and traditional Macedonian elements, which gave them a unique style. They were formed in the early 80s.The group that released the first album in Macedonian language, after the collapse of the then Yugoslav music space, couldn't find themselves in the new scene, which didn't really have space for band like "Telo-nauka Sovršena", like that, the band ended performing somewhere in mid-1992.



## ЖЕЛЕЗНИ ДУШИ

режија Абераша Алија / Универзитет во Тетово

СИНОПСИС

Во селото Желино, далеку од бучавата на современиот свет, живее скромен брачен пар кој води тивок, но значаен живот. Секој ден започнува со мал чин на љубезност хранејќи ги кучињата скитници пред да продолжат со својата рутина на збирање старо железо од патишта и полиња, за да заработат за скромна егзистенција. „Железни души" го следи нивниот секојдневен живот, нудејќи чувствителен и интимен портрет на истрајност, сочувство и достоинство во лицето на сиромаштијата. Преку мали гестови и тивка упорност, филмот ја открива силата на човечкиот дух и честопати невидените жртви што го дефинираат руралниот живот.

## IRON SOULS

directed by Aberasha Alija / University of Tetovo / 8 min

SYNOPSIS

In the village of Zhelinë, far from the noise of the modern world, lives a humble couple who lead a quiet yet meaningful life. Each day begins with a small act of kindness feeding stray dogs before they continue their routine of collecting scrap metal from roads and fields to earn a modest living. "Iron Souls" follows their daily lives, offering a sensitive and intimate portrait of resilience, compassion, and dignity in the face of poverty. Through small gestures and quiet perseverance, the film reveals the strength of the human spirit and the often-unseen sacrifices that define rural life.




## ОКТОМВРИСКА ПЕСНА

режија Марија Петреска / ФДУ

СИНОПСИС

Октовриска песна» е документарн филм кој се одвива во старечки дом во Скопје, каде секојдневието на станарите се испреплетува со нивните сеќавања и желби. Филмот започнува со бекстејџ кадри од снимање во дворот, кои постепено нѐ воведуваат во просторот и неговите жители. Централни ликови се трите станарки – Ботка, Милица и Снежана – преку чии лични приказни се открива нивниот живот, причините што ги довеле таму и начинот на кој го доживуваат староењето. Иако нивните судбини се различни, заедничка им е тивката меланхолија и потребата за блискост. Филмот паралелно ја прикажува нивната секојдневна рутина и условите во домот, нагласувајќи го човечкото достоинство и желбата за семејство и дом.

## OCTOBER SONG

directed by Marija Petreska / FDA / 18 min

SYNOPSIS

October Song» is a documentary film that takes place in a nursing home in Skopje, where the residents› everyday lives are intertwined with their memories and desires. The film begins with backstage shots from the courtyard, which gradually introduce us to the space and its inhabitants. The central characters are the three residents – Botka, Milica and Snezana – through whose personal stories their lives are revealed, the reasons that brought them there and the way they experience aging. Although their destinies are different, they share a quiet melancholy and the need for closeness. The film simultaneously depicts their daily routine and the conditions in the home, emphasizing human dignity and the desire for family and home.



## КАДЕ ОДИШ ЈАН?

режија Леона Јариќ / ФДУ

СИНОПСИС

Еден млад човек ѝ ветува на својата баба дека ќе оди во нивното родно село и ќе ја фотографира семејната куќа. Кога ќе стигне до својата дестинација, сфаќа дека не е само физички изгубен; единствената личност во целото напуштено село е момче кое бега со клучевите од автомобилот. Јан мора да се приклучи на оваа неочекувана авантура за да преживее.

## QUO VADIS JAN?

directed by Leona Jarik / FDA / 10 min

SYNOPSIS

A young man promises his grandmother that he will go to their village of origin and take pictures of the family house. As he reaches his destination, he realises that he is not just physically lost; the only person in the whole abandoned village is a boy who runs away with his car keys. Jan must go along with this unexpected adventure to survive.



## НЕБОТО НЕ Е ГРАНИЦА

режија Бојана Миовска /ФДУ

СИНОПСИС

По несреќа, млад дечко се наоѓа во преодна состојба помеѓу животот и смртта. Со помош на мистериозна фигура, тој се соочува со сопствениот страв од смртта и празнината, стекнувајќи нов поглед кон животот.

## THE SKY IS NOT THE LIMIT

directed by Bojana Miovska / FDA / 7 min

SYNOPSIS

After an accident, a young man finds himself in a transitional state between life and death. With the help of a mysterious figure, he faces his own fear of death and emptiness and gains a fresh outlook on life.




## КРАЕН ВОДИЧ ЗА ЛОВ НА КНИГИ

режија Стефи Трпеска / ИУ Еуропа Прима Скопје

СИНОПСИС

Три библиотекарки работат во една организација како ловци на книги, тајно враќајќи книги во библиотеката сè додека книгите не бидат мистериозно украдени. Додека го бараат крадецот, тие ќе се соочат со своите стравови за пријателките.

## ULIMATE GUIDE FOR BOOK HUNTING

directed by Stefi Trpeska / International University Europa Prima - Skopje / 23 min

SYNOPSIS

Three librarians work in an organization as book hunters, secretly returning books to the library until the books are mysteriously stolen. While searching for the thief, they will face their fears for those who are their friends.



## НЕОЧЕКУВАНИОТ ПОДАРОК

режија Мерита Чеграни / Универзитет во Тетово

СИНОПСИС

Најголемата и единствена тајна на Ела е нејзиниот син Јон. Јон е роден пред осум години како чин на силување, а по осум години за првпат се чувствува како ничиј син. Оној што Јон го познавал како татко се претвора во странец, и тој се чувствува вина пред мајка си, поради сите тешкотии што несвесно ги предизвикал. Овој трагичен момент ќе биде преобразба за семејството како целина и за неговите членови поединечно. Плашејќи се од осуда од своите најблиски и роднини, Ела го чувала силувањето во тајност осум години, проблем што е очигледен кај сите жртви на силување. Со молчењето, бројот на силуваните жени расте, а статистиката се зголемува од година во година.

## UNEXPECTED GIFT

directed by Merita Çegrani / University of Tetovo / 10 min

SYNOPSIS

Ela›s biggest and only secret is her son Jon. Jon was born eight years ago as an act of rape, and after eight years he feels like nobody›s son for the first time. The one that Jon knew as a father turns into a stranger, and he feels guilty towards his mother because of all the difficulties that he unknowingly caused. This tragic moment will be a metamorphosis for the family as a whole and of all its members individually. Fearing the condemnation of her loved ones and relatives, Ela kept the rape secret for eight years, a problem that is evident in all rape victims. With silence, the number of raped women is growing, and the statistics are increasing year by year.




## СВЕДОЦИ

режија Јана Голабоска / ФДУ

СИНОПСИС

Обидувајќи се да го започне животот одново по насилна врска, Ана се соочува со рамнодушноста на институциите и молкот на сведоците додека повторно станува мета на својот поранешен партнер.

## WITNESSES

directed by Jana Golaboska / FDA / 10 min

SYNOPSIS

Trying to start her life over after an abusive relationship, Ana faces the indifference of institutions and the silence of witnesses as she becomes the target of her ex-partner again.

B

# ЗЕМЈА ВО ФОКУС:
# ИРАН

# FOCUS COUNTRY:
# IRAN



## КАПЕТАН

режија Мохамед Хамзеи (2023)

СИНОПСИС

На одделот за рак во детската болница, две момчиња по име Иса и Али, кои сонуваат да станат фудбалери, планираат да ги остварат своите соништа пред последната сериозна операција на Али. Тоа треба да се случи далеку од очите на лекарите и медицинските сестри.

## CAPTAIN

directed by Mohammad Hamzei / IRAN / 2023 / 90 min

SYNOPSIS

In the cancer department of the children`s hospital, two boys named Isa and Ali, who dream of becoming football players, plan to achieve their dreams before Ali`s last serious operation. It should be away from the eyes of doctors and nurses.




# ПРОЕКЦИОНИСТ

режија Горбанали Тахерифар (2024)

СИНОПСИС

Елтефат, кој грундира со боја е помошник на режисерот. Бајрам, кој шмиргла, е снимател. Шахбаз, кој ги малтерисува, е актер. Ајуб е продукциски менаџер додека го бои таванот, а Џалил педантно ги бои сите ѕидови три пати. Зошто? Затоа што тој е режисер. Сега оваа филмска екипа ќе го снима својот прв долгометражен филм, но таткото на Џалил, Хејдар, се противи на занимавањето на неговиот син со филмската уметност.

# PROJECTIONIST

directed by Ghorbanali Taherifar / IRAN / 2024 / 95 min

SYNOPSIS

Eltefat who is the assistant director is priming. Bayram sanding is the cameraman. Shahbaz plastering, is the actor. Ayoub is the production manager while painting the ceiling and Jalil meticulously paints every wall three times. Why? Because he is the director.  Now this film crew is going to make their first feature film, but Jalil›s father, Heydar, opposes his son›s involvement in the cinema.



## БЕЗ ПРЕТХОДНО ЗАКАЖУВАЊЕ

режија Бехруз Шоаиби / ИРАН / 2022

СИНОПСИС

Кога Јасмин имала шест години, на иста возраст како и нејзиниот син, нејзиното семејство емигрирало во Берлин. Сега таа мора да се врати во Иран поради смртта на нејзиниот татко. Нејзиниот син страда од аутизам и тоа ѝ го отежнува патувањето. Јасмин, која едвај го познава својот татко, е изненадена кога дознава за наследството што ѝ го оставил нејзиниот татко. Краткиот и непосакуван престој во родниот град на татко ѝ и запознавањето со оние што го познавале, ја водат да го разбере човечкото битие, животот и смртта на нов начин.

## NO PRIOR APPOINTMENT

directed by Behrooz Shoaibi / IRAN / 2022 / 115 min

SYNOPSIS

When Yasmin was six, the same age as her son, her family immigrated to Berlin. Now she has to come back to Iran due to her father›s death. Her son is suffering from Autism and it makes it difficult for her to travel easily. Yasmin who hardly knows her father is astonished to find about the heritage left for her by her father. Her short and unwanted accommodation in father's hometown and meeting those who knew him, lead her to comprehend human being, life and death in a new way.



## ШУМА СО ПОРТОКАЛИ

режија Арман Кансаријан / ИРАН / 2023

СИНОПСИС

Сохраб Бахаријан е неуспешен драматург кој неодамна станал професор во средно училиште. Учениците и директорот на училиштето не се задоволни од начинот на кој се однесува во училницата за време на наставата. На едно патување, тој наидува на слика од своето минато.

## THE ORANGE FOREST

directed by Arman Khansarian / IRAN / 2023 / 93 min

SYNOPSIS

Sohrab Bahariyan is an unsuccessful play-wright who recently became a high school teacher. The students and the principal of the school are not satisfied with the way he behaves in the class during teaching. On a trip, he encounters an image from his past.

# ДЕТСКА ПРОГРАМА

# CHILDRENS PROGRAM



## БУМБАРОВОТО ЛЕТО

режија Даниел Кушан / ХРВАТСКА, МАКЕДОНИЈА / 2025

СИНОПСИС

Група деца на јадранскиот остров Трс, предводени од новодојдениот Карло, го наоѓаат изгубеното африканско момче Чику, кај светилникот. Додека се обидуваат да го вратат дома, локалното момче Бумбар, се спротивставува на необичните квази-научни експерименти на Карло. Кога во една расправија ќе го удри Карло, Бумбар ја губи довербата на групата, но се искупува кога помага да се разоткрие криумчар на деца од Африка во Европската Унија, кој се обидува да го киднапира Чику. Летната авантура што го зближува целото друштво завршува со заедничко фаќање на криумчарот.

## BUMBLEBEE'S SUMMER

directed by Daniel Kusan / CROATIA, MACEDONIA / 2025 / 82 min

SYNOPSIS

A group of children on the Adriatic Island of Trs, led by newcomer Carlo, find a lost African boy, Chiku, at a lighthouse. As they try to bring him home, a local boy, Bumblebee, objects to Carlo›s unusual quasi-scientific experiments. When he punches Carlo in an argument, Bumblebee loses the trust of the group, but redeems himself when he helps expose a child smuggler from Africa to the European Union who is trying to kidnap Chiku from them. The summer adventure that brings the whole group together ends with the smuggler being captured together.

# ПОСЕБНИ ПРОЕКЦИИ

# SPECIAL SCREENINGS



## КОДОТ НА ПРЕСПА

режија Никола Поповски / МАКЕДОНИЈА / 2021

СИНОПСИС

Во регионот на долна Преспа, особено во селото Наколец, но и во околните села, со децении (а можеби и векови) постои традиција на органски создаден соживот кој се темели на меѓусебно разбирање и почит. Секојдневието на тамошните протагонисти и нивните меѓусебни односи е всушност своевиден модел во кој се крие извесен код за заедништво и социјална кохезија помеѓу луѓето од различни етнички, религиозни и други профили.

## THE CODE OF PRESPA

directed by Nikola Popovski / MACEDONIA / 2021 / 55 min

SYNOPSIS

In the Lower Prespa region, especially in the village of Nakolec, but also in the surrounding villages, for decades (and perhaps centuries) there has been a tradition of organically created coexistence based on mutual understanding and respect. The everyday life of the protagonists there and their mutual relations is actually a kind of model in which a certain code for togetherness and social cohesion between people of different ethnic, religious and other profiles is hidden.




## ПАВИЛЈОН

режија Дино Мустафиќ / Босна и Херцеговина / 2025

СИНОПСИС

По години злоупотреба и понижување, група жители на домот за стари лица „Павилјон" решаваат да започнат вооружен бунт. Опремени со сите нелегални средства, тие го окупираат домот, го задржуваат персоналот како заложници и влегуваат во конфликт со властите. Нивната очајничка борба прераснува во медиумски и политички спектакл, а староста станува нивна предност - тие немаат што да изгубат и се подготвени да одат до крај. Во „Павилјон" настанува нов ред, поттикнат од одмазда и акумулиран гнев, а преговорите со бунтовниците стануваат невозможни.

## PAVILION

directed by Dino Mustafic / BOSNIA AND HERZEGOVINA/ 2025 / 100 min

SYNOPSIS

After years of abuse and humiliation, a group of residents of the Pavilion nursing home decide to launch an armed rebellion. Armed with illegal means, they occupy the home, take the staff hostage and enter into conflict with the authorities. Their desperate struggle grows into a media and political spectacle, and old age becomes their advantage – they have nothing to lose and are ready to go all the way. A new order emerges in the Pavilion, fueled by revenge and accumulated anger, and negotiations with the rebels become impossible.



## ОГЛЕДАЛО

режија Силвестер Проле / 2023

СИНОПСИС

Прикажувањето на секојдневниот живот на луѓето во периодот помеѓу двете светски војни, на нивната жртва за опстанок, посветеноста околу домаќинството и семејството, отежнатиот образовен процес и многу повеќе во овој арт филм е синкретизам со сите благодети кои денес ги уживаме благодарејќи на нашите предци. Огледалото е предметот во филмот кој метафорично ќе ги претстави дел од  активностите. Ќе проследите дел од процесот на жетва, перење на река, пасење овци, косење сено. Сите моменти и дејствија се прикажани преку сведоштвата на едно огледало. Како единствен во овој регион во оваа дејност, авторот си дава за право, но и за задача да работи на што поголемо промовирање на нашето поднебје. Во филмот се користени афтентични локации, оригинални носии и реквизити соодветни на актот и чинот кој е снимен во нашиот регион, односно етничкиот предел Бојмија.

## MIRROR

directed by Silvester Prole / 2023 / 10 min

SYNOPSIS

The presentation of the everyday life of people in the period between the two world wars, their sacrifice for survival, dedication to the household and family, the difficult educational process and much more in this art film is a syncretism with all the benefits that we enjoy today thanks to our ancestors. The mirror is the object in the film that will metaphorically present some of the activities. You will follow part of the process of harvesting, washing the river, grazing sheep, mowing hay. All moments and actions are shown through the testimonies of a mirror. As the only one in this region in this field, the author considers it his right, but also his duty, to work on promoting our region as much as possible. The film uses authentic locations, original costumes and props appropriate to the act and scene filmed in our region, i.e. the ethnic region of Bojmija.




## ЛАЗАРЕНКИ

режија Силвестер Проле / 2023

СИНОПСИС

Една недела пред големиот христијански празник Велигден, во етничкиот предел Бојмија започнувале обреди и обичаи за Лазарева сабота од страна на немажени девојки од 7 до 15 години, познати под терминот „Лазаренки". Обредните активности започнувале од Тодорица и траеле цела недела. Девојките ги учеле песните од повозрасните (баби, мајки, стрини, тетки и др.), а за време на вежбањето се слушале песни од сите страни на селото. Утрото во саботата пред да започнат со пеење тие се собирале во месната црква за да добијат благослов од свештеник. Одејки по две во група, од куќа до куќа пееле наменски песни (за домаќин, домаќинка, ерген, невеста), со кои давале благослов за здравје, бериќет, среќа... За таа цел биле дарувани со небојадисани јајца и пари од страна на домаќините. Највозрасната девојка на групата зема едно јајце и го крши од земја за здравје, среќа и бериќет.

## LAZARENKI

directed by Silvester Prole / 2023 / 15 min

SYNOPSIS

One week before the great Christian holiday Easter, in the ethnic area of Bojmia, rites and customs for Lazarev›s Saturday began by unmarried girls from 7 to 15 years old, known under the term Lazarenki. Ritual activities started from Todorica and lasted the whole week. The girls learned the songs from their elders (grandmothers, mothers, aunts, etc.), and during the practice songs were heard from all over the village. On Saturday morning before starting to sing, they would gather at the local church to receive a blessing from a priest. Sleeping two in a group, from house to house they sang special songs (for the host, hostess, bachelor, bride), with which they gave blessings for health, prosperity, happiness... For this purpose, they were presented with undyed eggs and money by the hosts. The oldest girl of the group takes an egg and breaks it from the ground for health, happiness and prosperity.




## СВЕДОШТВА

режија Силвестер Проле / 2025

СИНОПСИС

Филмската реконструкција „Сведоштва" е збир од долгогодишни терenski истражувања, внимателни средби и разговори со соговорници – луѓе кои и денес во својата меморија ја носат некогашната жива традиција на русалискиот обред. Овие сведоштва се собрани на тлото на пределот Бојмија, поточно во селата Петрово и Миравци, простори каде обредот не бил само настан, туку начин на живеење и колективна духовна практика. Документарниот филм е синкретизам од повеќе изразни сегменти: нарација што го води гледачот низ историскиот и обредниот контекст, лични доживувања и сеќавања на луѓе – директни учесници во ритуалите, како и внимателно вметнати фрагменти од веќе постоечки документарни записи. Тие заедно создаваат мозаик од гласови, слики и движења, низ кои е прикажана суштината на обредот.

## TESTIMONIES

directed by Silvester Prole / 2025 / 23 min

SYNOPSIS

The film reconstruction «Testimonies» is a collection of long-term field research, careful meetings and conversations with interlocutors – people who still carry in their memory the once living tradition of the Rusalian rite. These testimonies were collected on the ground of the Bojmija region, more precisely in the villages of Petrovo and Miravci, spaces where the rite was not just an event, but a way of life and a collective spiritual practice. The documentary film is a syncretism of several expressive segments: a narration that guides the viewer through the historical and ritual context, personal experiences and memories of people – direct participants in the rituals, as well as carefully inserted fragments of already existing documentary records. Together, they create a mosaic of voices, images and movements, through which the essence of the rite is shown.

# МЕЃУНАРОДНО ЖИРИ

# INTERNATIONAL JURY

2026

# МИРОСЛАВ МИТИЌ

Тој е меѓународен продуцент, сценарист и режисер, чија работа ја трансформира историјата, културата и човечкото искуство во кинематографски приказни, создавајќи оригинална интелектуална сопственост за глобалната публика. Во дводецениското меѓународно искуство, тој продуцирал признати играни филмови, вклучувајќи ги „Зона Замфирова", „Грабежот на Третиот рајх", „Нафака", „Балкански браќа" и „Небото над пејзажот". Неговите продукции добија награди и меѓународни признанија на големи филмски фестивали, додека „Зона Замфирова 2", кој тој го напиша и продуцираше, стана најгледаниот филм на Балканот во 2017 година.

Надвор од играниот филм, Митиќ ја создаде и продуцираше наградуваната телевизиска серија „Мала историја на Србија" и продолжува да развива меѓународни проекти, вклучувајќи ги „Џипси рапсодија – Џелем Џелем", „Константин Велики" и глобалниот телевизиски формат „Предизвик за размена". Работејќи низ Европа и САД, тој останува посветен на создавање приказни што ги поврзуваат културите, ја инспирираат публиката и ја слават универзалната моќ на киното.

# MIROSLAV MITIC

He is an International Producer, Screenwriter and Director whose work transforms history, culture and human experience into cinematic stories, creating original intellectual property for global audiences. With more than two decades of international experience, he has produced acclaimed feature films including Zona Zamfirova, The Robbery of the Third Reich, Nafaka, Balkan Brothers and The Sky Above the Landscape. His productions have received awards and international recognition at major film festivals, while Zona Zamfirova 2, which he wrote and produced, became the most-watched film in the Balkans in 2017.

Beyond feature filmmaking, Mitic created and produced the award-winning television series Little History of Serbia



and continues to develop international projects including Gipsy Rhapsody – Djelem Djelem, Constantine the Great and the global television format Exchange Challenge. Working internationally across Europe and the United States, he remains dedicated to creating stories that connect cultures, inspire audiences and celebrate the universal power of cinema.

## ЕЛЕОНОРА ВЕНИНОВА

Таа е сценаристка и режисерка на филмови и ТВ серии. Нејзиниот дебитантски долгометражен филм „Преекспонирано" ја имаше светската премиера на Интернационалниот филмски фестивал во Каиро во 2022 година. Нејзините претходник кратки филмови се прикажани на многубројни Оскар/БАФТА и ЕФА квалификациски фестивали, вклучувајќи ја и Неделата на режисерите на Канскиот филмски фестивал. Елеонора е активен член на Европската филмска академија.

## ELEONORA VENINOVA

She is a writer and a director of films and TV series. Her debut feature 'Things Unsaid' premiered at the Cairo International Film Festival in 2022. Her previous short films have screened at many Oscar, Bafta and EFA-qualifying festivals, including Quinzaine at Cannes Film Festival. She is a member of the European Film Academy.



# ЕМИЛИ РИШЕЛ

Таа е родена во Франција, во близина на белгиската граница. Таа отсекогаш била заинтересирана за филмот уште од детството. Се приклучила на филмскиот фестивал „А l'Est" во Руан (Нормандија) во 2013 година како член на жирито, а потоа почнала да работи во различни области како што се координација, комуникација и програмирање за овој фестивал. Сега е задолжена за источноевропските проекции за „А l'Est", кои се одржуваат во различни кина во март. Во исто време, работи за фестивалот за кратки филмови во Руан, „Куртивор", каде што избира филмови заедно со другите програмери. Членка е на мрежата наречена „Мотор", која брои седум филмски фестивали во Руан, која ја промовира разновидноста на кинематографијата и организира бесплатна проекција на кратки филмови еднаш годишно.

Седум години ѝ се предлагаат источноевропски филмови на програмскиот комитет за „Меѓународниот филмски фестивал во Монс" (Белгија) и работела за „Бугарскиот филмски фестивал" во Париз.

Покрај тоа, таа беше член на жирито на филмски фестивали: Фестивалот на независен филм Идромено во Скадар (Албанија), Фестивалот на балкански филмска храна во Поградец (Албанија), Меѓународниот фестивал на едукативен филм во Евро (Франција). Учествуваше на панели за ширење на филмови на фестивали и застапеност на жените во филмската индустрија. Исто така, учествуваше на ПриФест – Меѓународниот филмски фестивал во Приштина пред неколку години.



# EMILIE RICHELLE

Emilie Richelle was born in France near the Belgian frontier. She was always interested in cinema since her childhood. She joined the film festival "A l'Est" in Rouen (Normandy) in 2013 as a jury member and then, she started to work in different fields such as coordination, communication and programming for this festival. Now, she is in charge of the eastern European screenings for A l'Est, which takes place in various cinemas in March. At the same time, she works for a short film festival in Rouen, "Courtivore", where she selects films with other programmers. She is a member of a network called "Moteur" which gathers seven film festivals in Rouen, which promotes the diversity of cinematography and organizes a free screening of short films once a year.

For seven years, she has been suggested eastern European films to the programming comity for the "International Film Festival of Mons" (Belgium) and used to work for the "Bulgarian Film Festival" in Paris.

Besides, she was a jury member in films festivals: Idromeno Independent Film Festival in Shkodër (Albania), Balkan Film Food Festival in Pogradec (Albania), International education film festival in Evreux (France). She took part in panels on diffusion of films in festivals and women's representation in the cinema industry. She also attended PriFest – Prishtina International Film Festival few years ago.

# ОБРАЌАЊЕ ЗА ОФИЦИЈАЛНАТА СЕЛЕКЦИЈА НА ФИЛМОВИ

# INTRODUCTION TO THE OFFICIAL FILM SELECTION



## Златко Ѓелески

Пред да ја погледнете официјалната селекција треба да знаете дека...

Во потрагата по филмови за официјалната селекција бев воден од потребата да најдам јасни и гласни авторски визии, гласови на режисери и режисерки кои имаат што да кажат, го познаваат и говорат филмскиот јазик во своите смели остварувања, без разлика дали се нивните први прераскажани прикаски во долгометражен облик или се созреани творби, набрани длабоко во нивната филмографија.

Крстарењето наспроти брановите започна кога се јави потребата за соочување со стереотипите кои важат за медитеранскиот филм и предодредените назнаки за летни лежерни семејни мелодрами со конфликти кои лесно се решаваат со помош на сонцето и брановите, меѓутоа на Медитеранот сме благословени со четири годишни времиња и долги ноќи, така што сметав дека треба да се прошират хоризонтите на поимањето на медитеранскиот филм и да наслушнеме кои проблеми ги преокупираат ликови кои живеат во ова пространство, кои се нивните каења и стремежи, без разлика дали се мали девојчиња или возрасни жени во прашање, со нераскинлива родителска љубов или пријателство кое не потклекнува на сите животни предизвици. Јадрото на селекцијата е Балканот, на трансверзала со најјужната, најисточната и најзападната точка на реонот условен како Медитеран. Заемната нишка која е проткаена низ нив е емпатијата, универзалниот јазик кој го има истото значење кај сите народи, на сите јазици и со оваа селекција ќе може да се запознаеме со неговите говорители, надевајќи се дека по гледањето на овие филмови ќе откриеме некои заеднички особености кои дотогаш не сме сакале да си ги признаеме на себеси или на другите и бидеме подобра личност од таа што сме. Филмот не лаже. Филмот лекува.

Златко Ѓелески

Уметнички директор на фестивалот



## Zlatko Geleski

Before you watch the official selection, you should know that...

In my search for films for the official selection, I was guided by the need to find clear and loud auteur visions, voices of directors who have something to say, who know and speak the language of film in their bold achievements, regardless of whether they are their first stories told in feature-length form or mature works, collected deep in their filmography.

The cruising against the waves began with the need to confront the stereotypes that apply to Mediterranean film and the predetermined indications of summer casual family melodramas with conflicts that are easily resolved with the help of the sun and waves, but in the Mediterranean we are blessed with four seasons and long nights, so I thought that we should expand the horizons of understanding Mediterranean film and listen to what problems preoccupy the characters who live in this space, what are their regrets and aspirations, regardless of whether they are little girls or adult women in question, with unbreakable parental love or friendship that does not succumb to all life›s challenges. The core of the selection is the Balkans, on a transversal with the southern, eastern and western point of the region conditioned as the Mediterranean. The common thread that runs through them is empathy, the universal language that has the same meaning among all peoples, in all languages, and with this selection we will be able to get to know its speakers, hoping that after watching these films we will discover some common characteristics that we don't want to admit to ourselves or others and be a better person than we are. Film does not lie. Film heals.

Zlatko Geleski

Art Director of the Festival

# ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА ЗА СОВРЕМЕНИОТ ИРАНСКИ ФИЛМ

# PANEL DISCUSSION ON CONTEMPORARY IRANIAN FILM

„Кој ќе ја режира иднината на современиот ирански филм?"

- Може иранскиот филм да се носи со предизвиците на модерното живеење?

Панел дискусијата, посветена за предизвиците со кои се соочува современиот ирански филм, претставува надополнување на овогодишниот избор на кинематографија во фокус. Целта на оваа дебата ќе биде да се постават одредниците на тоа што претставува современиот ирански филм, кои се неговите карактеристики по кои е препознаен во светот, да се направи дистинкција кои автори можеме да ги вброиме како негови претставници, режисерите кои работат во рамките на државата под наметнатиот авторитарен режим и цензура и колку истата влијае во авторството, или пак дисидентите кои бележат успеси на најголемите филмски фестивали ширум светот. Предмет на дискусијата ќе бидат и тематските одредници на модерните ирански филмови, односот на протагонистите во нив и низ која призма го гледаат светот иранските режисери и како гледа светот на иранскиот филм денес.

Учесници: Мехрдад Хамнеи, директор во студиото „Егзит Арт", Агим Абдула, режисер кој има дипломирано режија во Иран и Дамјана Ивановска филмолог од Кинотека.

Модератор: Златко Ѓелески, уметнички директор на фестивалот

Who›s going to direct the future of contemporary Iranian cinema?

- Can Iranian cinema cope with the challenges of modern life?

The panel discussion, dedicated to the challenges facing contemporary Iranian cinema, is complementary part of this year›s selection of cinema in focus. The aim of this debate will be to set the benchmarks of what contemporary Iranian cinema is, what are its characteristics for which it is recognized in the world, to make a distinction between which authors we can count as its representatives, the directors who work within the framework of the state under the imposed authoritarian regime and censorship and how much it influences authorship, or the dissidents who are awarded at the largest film festivals around the world. The subject of the discussion will also be the thematic benchmarks of modern Iranian films, the relationship of the protagonists in them and through which prism Iranian directors see the world and how the world sees Iranian cinema today.

Participants: Mehrdad Khameneh, Director at Exit Art Studio, Agim Abdullah, a director who graduated in directing in Iran and Damjana Ivanovska, filmologist from the Cinematheque

Moderator: Zlatko Geleski, art director of the festival

# ПИЧИНГ НА СЦЕНАРИЈА ЗА ДИПЛОМСКИ И ДЕБИТАНТСКИ ФИЛМ

# SCREENPLAY PITCHING FOR GRADUATION AND DEBUT FILMS

Пичинг на сценарија за грант за студентски дипломски и дебитантски филм

Согледувајќи ја состојбата во македонската филмска индустрија, дисфункционалноста на системот на поддршка на студентите по филм во однос на подготовка на нивните дипломски филмови, кои во суштина треба да ги претставаат најмладите филмаџии во светот на филмот, решивме ова година да доделиме два гранта за снимање на дипломски филмови на студените по режија, камера и продукција. За време на фестивалот ќе се одржи Работилница/ Пичинг каде пријавените студенти ќе ги бранат своите проекти пред комисија составена од докажани професионалци сценаристи, режисери и продуценти.

Фестивалот „Преку езерото" во соработка со Агенцијата за филм, Алфа Телвизија, Револушн продакшн, Синемон Медија Фактори и невладината организација Артизија обезбедија по еден милион денари во готовина, опрема и технологија за снимање на слика, звук и постпродукција. Добитниците на грантовите имаат рок од дванаесет месеци да ги завршат своите проекти и на следното издание на фестивалот, „Преку езерото 2027» да ги покажат своите дела како светски премиери. Затоа што студентите денес, се професионалците утре.

Ментор за пишување сценарија: Александар Русјаков

Pitching forum for screenplays of a student›s graduate and debut film›s grant

Realizing the situation in the Macedonian film industry, the dysfunctionality of the system that is determined in supporting film students in relation to the preparation of their graduation films, which should essentially represent the smallest filmmakers in the world of film, we decided this year to give three grants for shooting of grad- uation films of the students in film directing, camera and production departments. During the festival, a Workshop/Pitching will be held where registered students will present their projects in front of a committee made up of proven professional screenwriters, directors and producers.

The IFF «ACROSS THE LAKE» in cooperation with Film Agency, Alfa Television, Revolution Production, Cinemon Media Factories and the non-governmental organization Artizia provided one million denars each in cash, equipment and technology for video, sound production and post-production. The grant winners have twelve months to complete their projects and present their works as world premieres at the next edition of the «ACROSS THE LAKE 2027» festival. Because today›s students are tomorrow›s professionals.

Screenplay›s mentor: Aleksandar Rusjakov

**ФЕСТИВАЛСКИ ТИМ:**

Јани Бојаџи, Директор на фестивал
Мими Ѓоргоска-Илиевска, Претседател на Фестивалскиот совет
Златко Ќелески, Фестивалски селектор
Дејан Милошевски, Продуцент на фестивалот
Владимир Карпузовски, Технички директор
Игор Соколовски, Продукциски менаџер
Никола Поповски, Програмски продуцент
Андреј Георгиев, Асистент на продукција
Невена Поповска, Односи со јавност
Викторија Величковска, Веб дизајн и администратор
Мона Паскалова – Копирајтер

**ДИЗАЈН НА ФЕСТИВАЛСКИ КРЕАТИВИ И НА ПРОМО МАТЕРИЈАЛИ:**

New Moment
Тоше Арсов, лидер на креативниот тим
Toshe Arsov, Creative Team Leader
Ема Велковска, дизајнер на студентската програма

**ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА:**

Ренато Димовски
Сато саунд

**FESTIVAL TEAM:**

Jani Bojadzi, Festival director,
Mimi Gjorgoska Ilievska, President of the Festival Council,
Nebojsha Jovanovik, Festival Programmer
Vladimir Karpuzovski, Director of the department for technical issues
Dejan Miloshevski, Festival producer
Igor Sokolovski, Production menager
Nikola Popovski, Program producer
Andrej Georgiev, Асистент на продукција
Nevena Popovska, Media relations
Viktorija Velickovska, Web design and administrator

**VISUAL IDENTITY AND DESIGN OF FESTIVAL PROMO MATERIALS:**

New Moment
Toshe Arsov, Creative Team Leader
Ema Velkovska, Student Program Designer

**TECHNICAL SUPPORT:**

Renato Dimovski
Sato sound

## ПОМАГАТЕЛИ И ПОДДРЖУВАЧИ ~ UNDER THE AUSPICES AND SUPPORT OF:

Фестивалот се организира со помош и во соработка со општина Дојран и градоначалникот на Дојран, Илија Тентов, градоначалнкот на град Струмица, Петар Јанков и градоначалникот на град Гевгелија, Андон Сарамандов.

Фестивалот е поддржан од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија и Медија Деск програмата на Европската Комисија.

Помагатели: Хотел Ла Тераса Дојран, Фук Так Дојран, Ресторан Нота Дојран.

Визуелниот идентотет е дело на маркетинг агенцијата Њу Момент – Скопје.

Советот на фестивалот се заблагодарува на деловните луѓе и сите граѓани на Дојран, Струмица и Гевгелија за нивната помош и учество во создавањето и реализацијата на Фестивалот ПРЕКУ ЕЗЕРОТО.

Да се качиме на бранот, и „Преку езерото" во Медитеранот и
светот.

Секогаш ваши,
**Меѓународен Фестивал на медитеранскиот и европскиот филм ПРЕКУ ЕЗЕРОТО 2026**

The festival is organized with the help and in cooperation of the Municipality of Dojran and the Mayor of Dojran, Ilija Tentov, the Mayor of Strumica, Petar Jankov and the Mayor of Gevgelija, Andon Saramandov.

The festival is supported by the Film Agency of the Republic of North Macedonia and the Media Desk Program of the European Commission.

Supporters: Hotel La Terraza Dojran, Fuk Tak Dojran, Restaurant Nota Dojran.

The visual identity is the work of the marketing agency New Moment – Skopje.

The Festival Council thanks the business people and all citizens of Dojran, Strumica and Gevgelija for their help and participation in the creation and realization of the Festival ACROSS THE LAKE.

Let›s ride the wave, and «ACROSS THE LAKE» in the Mediterranean and
the world.

Always yours,
**ACROSS THE LAKE International Festival of Mediterranean and European Film 2026**

## ФЕСТИВАЛСКИ ТИМ / FESTIVAL TEAM:

Мими Ѓоргоска- Илиевска,
Претседател на Фестивалскиот совет /
Mimi Gjorgoska-Ilievska,
President of the Festival Council

Јани Бојаџи, Директор на фестивал /
Jani Bojadzi, Festival Director

Владимир Карпузовски, Технички директор /
Vladimir Karpuzovski, Director for technical issues

Небојша Јовановиќ, Фестивалски селектор /
Nebojsa Jovanovic, Festival Selector

Дејан Милошевски, Продуцент на фестивалот /
Dejan Miloshevski, Festival Producer,

Никола Поповски, Продукциски координатор /
Nikola Popovski, Production Coordinator,

Софија Христовска, Фестивалски координатор /
Sofija Hristovska, Festival Coordinator,

Катерина Антовска, Правен советник /
Katerina Antovska, Legal Advisor

Анита Калиникова, Маркетинг и адвертајзинг /
Anita Kalinikova, Marketing and Advertising

Богдан Илиевски, Дигитален маркетинг, промо и социјални мрежи /
Bogdan Ilievski, Digital Marketing, Promotion and Social Media

Невена Поповска, Медиумска промоција /
Nevena Popovska, Public Relations

Викторија Величковска, Веб дизајнер /
Viktoria Velickovska, Web Designer

Игор Соколовски, Продукциски менаџер /
Igor Sokolovski, Production Manager

## ДИЗАЈН НА ФЕСТИВАЛСКИ КРЕАТИВИ И НА ПРОМО МАТЕРИЈАЛИ / FESTIVAL CREATIVE AND PROMOTIONAL MATERIAL DESIGN:

New Moment

Тоше Арсов, лидер на креативниот тим /
Toshe Arsov, Creative Team Leader

Ема Велковска, дизајнер на студентската програма / Ema Velkovska, Student Program Designer

## ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА / TECHNICAL SUPPORT:

Атила Селман / Attila Selman

Ренато Димовски / Renato Dimovski

Сато саунд / Sato Sound

Издава: Синемон Медија Фактори, Кузман Капидан 12, 1000 Скопје /
Published by: Cinemon Media Factors, Kuzman Kapidan 12, 1000 Skopje

Печати: Диги принт Скопје /
Print: Digi Print Skopje

# ПОМАГАТЕЛИ И ПОДДРЖУВАЧИ

**СПОНЗОРИ:**

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЛА ТЕРАСА, ВИТАМИНКА.

**ПОМАГАТЕЛИ:**

АЛФА ТЕЛЕВИЗИЈА, СИНЕМОН МЕДИЈА ФАКТОРИ, РЕВОЛУШН ПРОДАКШН.

**МЕДИУМСКИ СПОНЗОРИ:**

КАНАЛ 5, ТЕЛМА, МРТ, АЛСАТ М, АНТЕНА 5 РАДИО,

АГЕНЦИЈА ЗА ФИЛМ
на Република Македонија

Да се качиме на бранот, од Дојран и „Преку езерото" во Медитеранот и светот.

Секогаш ваши,
Меѓународен Фестивал
на медитеранскиот и европскиот филм
**ПРЕКУ ЕЗЕРОТО,**
Дојран 2026

Always yours,
International Film Festival
of Mediterranean and European film,
**ACROSS THE LAKE**,
Dojran 2026


Импресум/Impresum:

Издавач/Publisher:
Друштво за производство на филмови Синемон Медиа Фактори
Кузман Капидан бр. 28 1000 Скопје
Cinemon Media Factory Kuzman Kapidan 28 1000 Skopje

За издавачот/For the Publisher:
проф. д-р Јани Бојаџи
prof. Jani Bojadzi, Phd

Каталогот го уредија/ Editors in chief
Златко Ѓелески
Zlatko Geleski

Соработници/ Collaborators:
Владимир Карпузовски
Дејан Милошевски
Никола Поповски
Vladimir Karpuzovski
Dejan Miloshevski
Nikola Popovski

Дизајн/Design:
Димитар Димитровски

Печати/Print by:
???

Тираж/Copies:
100

ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ
ПРЕКУ ЕЗЕРОТО

www.acrossthelakefilmfestival.org